**Известување за концентрација со која САТО ДОО, Република Хрватска ќе стекне самостојна контрола над АД КИРО ДАНДАРО - БИТОЛА, Република Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-45/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на САТО Друштво со ограничена одговорност за услуги (во понатамошниот текст: САТО Д.О.О.), со регистрирано седиште на Водоводна улица 2, Забок (град Забок), Република Хрватска, над Акционерско друштво Печатница КИРО Д. ДАНДАРО Заштитно друштво Битола (во понатамошниот текст: АД КИРО ДАНДАРО), со регистрирано седиште на Баница бр.3, Битола, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**САТО Д.О.О.** е друштво кое е активно во дејностите: Компјутерски и сродни дејности; Размножување снимени записи; Поправка и одржување канцелариски машини и опрема и Услуги на фотокопирање.

Повеќе информации за САТО Д.О.О. се достапни на веб страната: https://sato.hr/.

САТО Д.О.О. со ограничена одговорност за услуги нема активности и нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

**АД КИРО ДАНДАРО** е друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија и истото е активно на пазарот за флексибилна амбалажа, наменети за пакување на производи од прехрамбената, хемиската, фармацевската индустрија.

АД КИРО ДАНДАРО е активно на пазарите во Република Северна Македонија и во странство и истото нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Предложената трансакција се состои од стекнување на самостојна контрола врз АД КИРО ДАНДАРО од страна на САТО Д.О.О., преку откуп на 100% од уделот кој го поседуваат Акционерите на АД КИРО ДАНДАРО.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар за флексибилна амбалажа,

наменети за пакување на производи од прехрамбената, хемиската, фармацевската индустрија.

По однос на **географскиот пазар на стоки**, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазарот во Република Северна Македонија и европските пазари.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.03.2023 година, Скопје